Neni 55

Gjobe në shume prej 300 eurosh me kundervlere në denare do t'i shqiptohet për kundervajtje personit fizik nese kryen kampim në kundershtim me dispozitat e ketij ligji.

Neni 56

(1) Inspektorati Shteteror i Tregut për kundervajtje nga nenet 52, 53, 54 dhe 55 të ketij ligji, detyrohet që kryeresit të kundervajtjes t'i dorezoje ftese për pagimin e gjobes në afat prej tete diteve nga dita e dorezimit të fteses.

(2) Nese kryeresi vullnetarisht nuk e paguan gjoben sipas ketij neni, inspektori shteteror i tregut paraqet kerkese për ngritjen e procedures për kundervajtje para organit kompetent.

(3) Organ kompetent për zbatimin e procedures kundervajtese nga nenet 52, 53 dhe 54 paragrafet (1) dhe (2) të ketij ligji eshte gjykata kompetente, e për kundervajtje nga nenet 54 paragrafi (3) dhe 55 të ketij ligji, eshte Komision për Kundervajtje i formuar nga organi i administrates shteterore kompetent për punet nga sfera e turizmit dhe hotelerise.

**Procedura e barazimit**

Neni 57

(1) Inspektorati Shteteror i Tregut për kundervajtje të percaktuara me kete ligj detyrohet që kryeresit të kundervajtjes t'i propozoje procedure për barazim, para paraqitjes së kerkeses për procedure kundervajtese.

(2) Inspektori perpilon procesverbal ku shenohen elementet thelbesore të kundervajtjes, koha, vendi dhe menyra e kryerjes së kundervajtjes, pershkrimi i veprimit dhe personat e gjendur në vendin e ngjarjes.

(3) Në procesverbal shenohen menyra në të cilen do të hiqen pasojat e demshme nga kundervajtja, si dhe menyra e menjanimit të pasojave nga kryerja e kundervajtjes.

(4) Inspektori në procedure për barazim kryeresit të kundervajtjes i dorezon urdherpagese.

(5) Konsiderohet se kryeresi i kundervajtjes me nenshkrim të pranimit të urdherpageses pajtohet ta paguaje gjoben.

(6) Kryeresi i kundervajtjes detyrohet që ta paguaje gjoben në afat prej tete ditesh nga dita e marrjes së urdherpageses në llogarine e shenuar në urdherpagese. Kryeresi që do ta paguaje gjoben në kete afat do ta paguaje vetem gjysmen e gjobes së kumtuar. Keshilla për kete të drejte eshte pjese e keshilles juridike të urdherpageses.

(7) Në procedure që do të perfundoje me dhenien e urdherpageses nuk paguhen shpenzime të procedures.

(8) Nese kryeresi nuk e paguan gjoben në afatin e parapare në paragrafin (6) të ketij neni, inspektori do të paraqese kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese në gjykaten kompetente.

(9) Inspektoret detyrohen të mbajne evidence për procedurat e ngritura të barazimit dhe rezultatin e tyre.

**Pjesa e tete**

DISPOZITA KALIMTARE DHE TË FUNDIT

Neni 58

Autokampet e kategorizuara në pajtim me Ligjin për veprimtari hotelierike e vazhdojne punen në perputhje me kategorine e marre, deri në skadimin e vlefshmerise së aktvendimit për kategorizim.

Neni 59

Procedurat për marrjen e aktvendimit për kategorizimin e autokampit të filluara para hyrjes në fuqi të Ligjit për ndryshimin dhe plotesimin e Ligjit për veprimtari hotelierike (Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise numer 141/12) do të vazhdojne në pajtim me dispozitat e Ligjit për veprimtari hotelierike (Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise numer 62/2004, 89/2008, 115/10 dhe 53/11).

Neni 60

Akti nenligjor nga neni 38 paragrafi (2) të ketij ligji do të miratohet në afat prej 15 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji e i njejti menjehere, e më së voni në afat prej 24 oresh do të publikohet në ueb faqen e Agjencise.

Neni 61

Aktet nenligjore të parapara në kete ligj do të miratohen në afat prej gjashte muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 62

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

**482.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2013 година.

Бр. 07-412/1
21 јануари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА**

Член 1

Во Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија" број 49/2006, 102/2008, 145/10 и 136/11), членот 5 се менува и гласи:

„Агенција за привремени вработувања може да основа физичко лице кое:

- има најмалку средно образование,
- не е во работен однос,
- располага со посебен, погоден минимален работен простор, кадар и опрема, согласно со закон,
- ќе обезбеди банкарска гаранција во висина утврдена со закон и
- ќе добие лиценца за вршење на привремени вработувања, согласно со овој закон.

Агенција за привремени вработувања може да основа и правно лице регистрирано согласно со Законот за трговските друштва кое ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Агенција од ставот 2 на овој член не може да отстапува работници за привремени вработувања кај правното лице кое ја основало агенцијата и во со него капитално поврзани друштва.

Основачот на агенцијата за привремени вработувања е и одговорно лице на агенцијата за привремени вработувања.

Лицата кои ги вршат работите на посредување за вработување во агенцијата за привремени вработувања треба да имаат високо образование.

Одговорното лице на агенцијата од ставот 4 на овој член го назначува основачот на агенцијата за привремени вработувања.

На странец може да се одобри вршење на привремени вработувања со наплата, само ако со државата чиј државјанин е постои реципроцитет во вршење на посредување со наплата за привремени вработувања."

Член 2

По членот 5 се додаваат шест нови члена 5-а, 5-б, 5-в, 5-г, 5-д и 5-ѓ, кои гласат:

"Член 5-а

За добивање на лиценцата А агенцијата за привремени вработувања е должна да обезбеди деловен простор од најмалку 60 м², за лиценцата Б - најмалку 40 м², за лиценцата В - најмалку 20 м² за вршење на работите на привремени вработувања, кој ги исполнува санитарните и другите услови во согласност со прописите за безбедност и здравје при работа.

Како доказ за обезбедениот деловен простор барателот на лиценцата доставува доказ за сопственост или договор за закуп заверен од нотар.

Исполнувањето на просторните и техничките услови утврдени со овој закон го утврдува инспекторот на трудот, во рок од 15 дена од денот на уписот на агенцијата за привремени вработувања во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 5-б

За добивање на лиценцата А агенцијата за привремени вработувања е должна да има најмалку шест лица во работен однос на неопределено време, за лиценцата Б - најмалку четири лица во работен однос на неопределено време, а за лиценцата В - најмалку две лица во работен однос на неопределено време.

Бројот на лица во работен однос во агенцијата за привремени вработувања се докажува со доставување примерок од договорот за вработување и М1/М2 образец од Агенцијата за вработување на Република Македонија, во рок од пет дена по уписот на агенцијата за привремени вработувања во Централниот регистар на Република Македонија до министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Член 5-в

За добивање на лиценца за вршење на привремени вработувања, потребно е агенцијата за привремени вработувања да располага и со неопходна канцелариска опрема за работа на вработените во агенцијата и за корисниците на услугите од агенцијата, како и директен телефон, факс и најмалку два компјутера со интернет врска.

Член 5-г

Лиценцата за вршење на привремени вработувања ја издава министерството надлежно за работите на трудот, на предлог на комисија составена од три члена назначени со решение од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Лиценцата за вршење на привремени вработувања се издава со важност од две години со можност за продолжување на секои две години, врз основа на барање на основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања поднесено најдоцна 90 дена пред истекот на важноста на лиценцата, а по претходно извршен надзор од инспекторот на трудот за исполнување на условите за основање и работа на агенцијата утврдени со овој закон.

Член 5-д

Агенцијата за привремени вработувања се запишува во регистарот на агенциите за привремени вработувања во министерството надлежно за работите од областа на трудот, врз основа на барање на основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени врботувања во кое се наведува името и презимето на основачот - одговорното лице, единствениот матичен број на граѓанинот, адреса и местото на живеење на одговорното лице, контакт телефон и електронска адреса, назив, адреса и седиште, контакт телефон, електронска адреса и предмет на работење на агенцијата за привремени вработувања.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставуваат следниве документи:

- изјава за основање на агенцијата за привремени вработувања,
- изјава за основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања,
- заверен потпис на нотар на основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања,
- банкарска гаранција, согласно со типот на лиценцата кој се бара, во износ утврден во членот 6 од овој закон и
- доказ за исполнување на просторните, кадровските и техничките услови, согласно со овој закон.

По уписот на агенцијата во регистарот на агенциите за привремени вработувања министерството надлежно за работите од областа на трудот донесува решение врз основа на кое агенцијата се запишува и во Централниот регистар на Република Македонија и се стекнува со својство на правно лице.

Во регистарот од ставот 1 на овој член се запишува: реден број, број и датум на издавањето на лиценцата, типот на издадената лиценца, име, презиме, единствен матичен број на граѓанинот, адреса, место на живеење, контакт телефон и електронска адреса на основачот - одговорното лице на агенцијата за привремени вработувања, назив, адреса, седиште, контакт телефон и електронска адреса на агенцијата за привремени вработувања, времето на важење на лиценцата, времето на продолжување и времето на одземање на лиценцата."

Член 3

Во членот 6 став 2 точката 1 се менува и гласи:

"1) за склучување од 250 до 500 договори за вработување - 30.000 евра, а над 500 договори за вработување - 50.000 евра во денарска противвредност пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Македонија;".

Во ставот 5 по зборот "неплатени" се додаваат зборовите: "плати и".

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

"Одредбите од ставовте 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член се однесуваат на агенцијата за привремени вработувања основана од правно лице."

Член 4

Во членот 9 ставот 5 се менува и гласи:

"Лиценцата за вршење на привремени вработувања престанува да важи и агенцијата за привремени вработувања се брише од регистарот од членот 5 став 1 од овој закон по службена должност:

- со денот на истекот на важењето на лиценцата, ако не било побарано продолжување на лиценцата согласно со овој закон или лиценцата не била продолжена поради неисполнување на условите утврдени со овој закон,

- ако во рок од пет дена од настанувањето на промените во врска со условите за добивање на лиценца за вршење на привремени вработувања агенцијата за привремени вработувања не го извести за тоа министерството надлежно за работите од областа на трудот,

- ако агенцијата за привремени вработувања привремените вработувања ги врши спротивно на овој закон,

- кога агенцијата за привремени вработувања не доставува примерок од склучените договори за вработување до инспекторот на трудот и Агенцијата за вработување на Република Македонија,

- ако на работниците со кои агенцијата за привремени вработувања склучила договори за вработување не им исплатила плата и уплатила придонеси од плата над три месеци, а за тоа не го известила инспекторот на трудот или платата не ја исплатува, согласно со закон, колективен договор, договорот за отстапување на работник и договорот за вработување и

- кога агенцијата за привремени вработувања ќе ја промени адресата и седиштето, а за тоа во рок од пет дена не го извести министерството надлежно за работите од областа на трудот, заради промени во регистарот на агенциите за привремени вработувања и Централниот регистар на Република Македонија."

Ставовите 8 и 9 се бришат.

Член 5

Во членот 10 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "за вршење на привремени вработувања, ниту за време подолго од времето на важењето на лиценцата за вршење на привремени вработувања и банкарската гаранција."

Член 6

Во членот 12 став 3 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и до Агенцијата за вработување на Република Македонија, во рок од пет дена од денот на склучувањето на договорот."

Член 7

Во членот 13 ставот 3 се брише.

Член 8

Постојните агенции за привремени вработувања се должни да го усогласат своето работење со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, во спротивно ќе престане со важност нивната лиценцата за вршење на привремени вработувања издадена пред влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за агенциите за привремени вработувања.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR AGJENCI PËR PUNESIME TË PERKOHSHME

Neni 1

Në Ligjin për Agjenci për Punesime të Perkohshme ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 49/2006, 102/2008, 145/10 dhe 136/11), neni 5 ndryshohet si vijon:

"Agjenci për Punesime të Perkohshme mund të themeloje personi fizik, i cili:

- ka së paku arsimim të mesem,
- nuk eshte në marredhenie pune,
- disponon me hapesire pune minimale të vecante, të volitshme, kuader dhe pajisje, në pajtim me ligjin,
- do të siguroje garanci bankare në shume të percaktuar me ligj dhe
- do të marre licence për kryerjen e punesimeve të perkohshme, në pajtim me kete ligj.

Agjenci për Punesime të Perkohshme mund të themeloje edhe personi juridik i regjistruar sipas Ligjit për shoqeri tregtare, i cili i ploteson kushtet e percaktuara me kete ligj.

Agjencia nga paragrafi (2) i ketij neni nuk mund të leshoje punetore për punesime të perkohshme te personi juridik që e ka themeluar agjencine dhe te shoqerite e lidhura me të me kapital.

Themeluesi i Agjencise për Punesime të Perkohshme eshte edhe person pergjegjes i Agjencise për Punesime të Perkohshme.

Personat që i kryejne punet e ndermjetesimit për punesim në Agjenci për Punesime të Perkohshme duhet të kene arsimim të larte.

Personin pergjegjes të Agjencise nga paragrafi (4) i ketij neni, e cakton themeluesi i Agjencise për Punesime të Perkohshme.

Të huajit duhet t'i lejohet kryerja e punesimeve të perkohshme me arketim, vetem nese me shtetin shtetas i të cilit eshte ekziston reciprocitet në kryerjen e ndermjetesimit me arketim për punesime të perkohshme."

Neni 2

Pas nenit 5 shtohen 6 nene të reja 5-a, 5-b, 5-v, 5-g, 5-d dhe 5-gj, si vijojne:

"Neni 5-a

Për marrjen e licences A Agjencia për Punesime të Perkohshme detyrohet që të siguroje hapesire afariste prej së paku 60m$^2$, për licence B - së paku 40m$^2$, për licence V - së paku 20m$^2$ për kryerjen e puneve të punesimeve të perkohshme, që i ploteson kushtet sanitare dhe kushtet tjera në pajtim me rregullat për siguri dhe shendet gjate punes.

Si deshmi për hapesiren e siguruar afariste kerkuesi i licences dorezon deshmi për pronesi ose marreveshje për qira të verifikuar te noteri.

Plotesimin e kushteve hapesinore dhe teknike të percaktuara me kete ligj e percakton inspektori i punes, në afat prej 15 ditesh nga dita e regjistrimit të Agjencise për Punesime të Perkohshme në Regjistrin Qendror të Republikes së Maqedonise.

Neni 5-b

Për marrjen e licences A, Agjencia për Punesime të Perkohshme detyrohet që të kete së paku gjashte persona në marredhenie pune në kohe të pacaktuar, për licence B - së paku kater në marredhenie pune në kohe të pacaktuar, ndersa për licence V - së paku dy persona në marredhenie pune në kohe të pacaktuar.

Numri i personave në marredhenie pune në Agjenci për Punesime të Perkohshme deshmohet me dorezim të ekzemplarit nga marreveshja për punesim dhe formularit M1/M2 nga Agjencia për Punesim e Republikes së Maqedonise, në afat prej pese ditesh pas regjistrimit të Agjencise për Punesime të Perkohshme në Regjistrin Qendror të Republikes së Maqedonise, te ministria kompetente për ceshtjet e punes.

Neni 5-v

Për marrjen e licences për kryerjen e punesimeve të perkohshme, nevojitet që Agjenci për Punesime të Perkohshme të disponoje edhe me pajisje të domosdoshme për zyra për punen e të punesuarve në Agjenci dhe për shfrytezuesit e sherbimeve të Agjencise, si dhe telefon të drejtperdrejte, faks dhe së paku dy kompjutere me lidhje interneti.